**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4760/**

# З А П И С Н И К

**Од 162.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 16.09.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,162.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред и предложи измени во предлог дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записниците од 160.седница и 161.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на предлог Финансиски план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записниците од 160.седница и 161.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 160.седница и 161.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Снежана Клинчарова истакна дека има предходно конципирани забелешки по однос на записникот од 161.седница и ги прочита пред присутните.
По расправата записниците од 160.седница и 161.седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање со констатираните забелешки.
Со дадените забелешки на записникот од 161.седница, а по извршеното гласање се констатира дека записниците од 160.седница и 161.седница на Програмскиот совет на МРТ се едногласно **усвоени** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на предлог Финансиски план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димеска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од предлог Финансискиот план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година,односно дека во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ЈРП МРТ изработува Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за наредна година, со планирани активности за исполнување на програмските активности, како и Финансиски план за наредната година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи.
Изработката на Финансискиот план е базирана на показателите од работењето во минатите години, реализацијата на тековните активности како и на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги притоа во предвид условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.
Како предлог Финансискиот план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година се доставува до членовите на советот на разгледување пред да биде објавен на ВЕБ страницата на МРТ согласно законските одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде коментар по материјалот и потенцираше дека пристапот сега е одличен, дека треба дасе планираат средства колку што се планирани со законот за ААВМУ,меѓутоа дека треба да видиме колку средства реално ќе добиеме за остварување на овој финансиски план, и затоа предложи оваа табела за расходи да си стои така како што е, соодветно на приходите што ни следуваат според закон. Но, секторот за финансии во МРТ да изготви ист ваков план на расходи меѓутоа соодветен на приходите од 2021 година, и тој да биде за интерна употреба, меѓутоа менаџментот задолжително да се придржува на овој план со помали приходи и расходи од официјалниот, а надвор да се презентира овој финансиски план како што се планирани приходите.
Снежана Клинчарова со коментар по глава 28 од Финансискиот план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година со наслов членарина,котизации,ЗАМП и останати услуги,која е предвидено да чини во трошоците околу 45.400.000,00 денари,а само ставката за ЗАМП е предвидено да чини 26.000.000,00 денари, и мислам дека менаџментот треба да поведе сметка како се трошат и за чија музика се трошат, бидејќи овие средства за ЗАМП се навистина големи.
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија по однос на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, а согласно членот 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги став 10,истакна дека советот треба да го измени Деловникот на Програмскиот совет на МРТ, односно уредувањето на програмските сервиси и финансиското управување уредено со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги од 2018 година, ние како Програмски совет на МРТ треба да го уредиме тоа, и во иднина да ги распоредуваме средствата за програмските сервиси.
Ведат посочи дека согласно членот законот, останати програмски права,трошоци за фестивали,спортски настани,копродукциски трошоци,треба да бидат во рацете на Програмскиот совет на МРТ да ги распоредува средствата по потребата на уредниците и согласно одлуките на Комисијата за избор на програма.
Анита Латифи истакна дека ова е озбилно прашање и треба поозбилна анализа како треба да се поделат тие средства по сервиси, не се само средствата што се даваат на надворешни продукции и не треба да одлучуваме со ова само по нив,треба да размислиме на наредните седници што може да се подели и да ни се даде некоја анализа од службите во МРТ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац кажа дека треба да се излезе на наредните седници со конкретен материјал по оваа проблематика, и овој став од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги треба да се преточи во Статутот на МРТ,и треба да одлучиме на кој начин ќа ја спроведеме таа надлежност потоа.
Членот Ристе Панов истакна дека ние како Програмски совет не може да донесуваме било што со што би ограничиле колку средства кај треба да одат,евентуално може да изгласаме некој општ акт со кој поопшто ќе се уредат распоредувањето на финансиските средства и правците каде да одат,тоа е исклучива надлежност на Директорот на МРТ бидејќи тој има потпис за таа работа.
Гајур Рмадани истакана дека ова е законска одредба е покомплексна работа и треба да и се посвети поголемо внимание, и секако дека треба да се отвори оваа тема па постепено да се решава.
По расправатабеше утврдено Финансискиот план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 да биде објавен на ВЕБ страната на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател